**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

Ул. Железничка бр. 41
1000 Скопје, Р.С.М

+389 (0)2 32 31 631;

winner@winner.mk
winner.mk

Лиценца: 24809/2
ЕМБС: 5702470

WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

**До**
**Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Условите се врз основа на измени и дополнувања на постојните услови.

Измените и дополнувањата на Условите се донесени со Одлуката на Управниот одбор на Друштвото Арх.бр. 11264/0202/1/23 од 31.08.2023 година како што следи:

Во **Условите за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожар и некои други опасности**, донесени во Декември 2012 година,

**Во досегашниот член 7 под наслов „НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ" точката (5) се менува и гласи:**

„(5) За прекинот на работата кој трае до пет дена, доколку поинаку не се договори, не се утврдува надоместок. Доколку настане осигурен случај, Осигуреникот учествува во штетата со одбитна франшиза искажана во денови. Доколку остварување на приходот се врши за време на неработни денови (викенд, празник и сл.) тогаш во пресметката и тие денови се сметаат како дел од франшизата.

Осигурувањето не може да се договори без одбитна франшиза изразена во денови, освен во случај кога одбитната франшизата се договара во % под услов тој да не е под 10%."

**Текстот во футерот се менува и гласи:**

„Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје
Ул.Железничка бр.41, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631, е-пошта: winner@winner.mk„

Во делот „**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, Член 14** во насловот „Решавање на спорови" зборовите Основен суд Скопје 2 Скопје" се заменуваат со зборовите „**Основен граѓански суд Скопје**".

Објавените Услови ќе стапат во примена од 05.09.2023 година.

Со почетокот на примената на изменетите и дополнети Услови (пречистен текст), престануваат да важат предходните верзии на Условите.

Со почит,

**Акционерското друштво за осигурување**
**ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје**